2378

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ТРУДБЕНИК
СКОПЈЕ
25. XII. 1966

### ДВЕ САМОСТОЈНИ ЛИКОВНО-АМАТЕРСКИ ИЗЛОЖБИ ВО ИЗЛОЖБЕНИОТ САЛОН ПРИ РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ — СКОПЈЕ:

# Два света со исто поднебје

**Повеќегодишното настојување и самопрегорна работа да се совлада ликовното мајсторство од веќе и досега афирмираните ликовни уметници — аматери Борислав Градишки и Трајко Матевски, нема да се претера ако се каже дека со организираните самостојни изложби сосема успеаја да го привлечат вниманието на поширока публика. — И тоа не само на просечниот љубител на оваа уметност, туку и на оние кои со построго око, критериум и усет за убаво, со респект дојдоа да им честитаат за постигнатото и да им пожелат уште поголеми успеси во нивната натамошна работа на полето на ликовната уметност.**

Првата самостојна ликовна изложба на минијатури на Борислав Градишки на секој што имал можност да ја посети му овозможила да се сретне со досега ретко негуваната ликовна техника кај нас — минијатурата, со светот и преокупацијата на сликарот со поетски нитки.

Раното детство и кај овој ликовен уметник и во минијатурниот растреперен пејсаж како и во другите ликовни содржини, успеало да проговори со доследност. Уште првите обиди на полето на ликовната уметност Борислав Градишки ги бележи со творби од графика, гравура и масло. Со минијатурата, микрокосмосот, започнува пред петшест години. Кога го замоливме поконкретно да ни каже што било пресудно да го инспирира за негување на минијатурната техника, сликарот Градишки како да се обиде да ја каже најсоодветната формулација:

— Минијатурата за мене секогаш ќе претставува специфично ликовно одразен свет и содржина. На не гувам минијатурата бидејќи преку неа, макар и спонтано, ми се одгласува сета онаа лирика што сум успеал да ја слушнам и впијам од пејсажот — од ова поднебје. Но, јас верувам дека моето натамошно ликовно творештво, сакал или не, ми налага да цртам и на поголеми платна. Минијатурата секогаш ќе ми користи бидејќи работејќи над неа се здобив со потребната ликов на трпеливост и дисциплина. На цртежот, мислам на прецизниот цртеж, отсекогаш му посветувам особено внимание. За мене само совршениот цртеж е најсигур на основа и гаранција за било каква творба и техника во ликовната уметност. Минијатурната техника, сакам да додадам, во мене се закорена сосема несетено и сосема оправдано. Несомнено, пресудна улога одиграло и моето повеќегодишно работење како проектант — дезенер при фабриката за килими „Македонски фолклор“ — Скопје. Оваа изложба додаде Градишки, за мене претставува на некој начин промовисање и подмладување на моите ликовни амбиции како и обврска за натамошно трагање да се слика со боите од нашето јужно поднебје.

Втората самостојна изложба од сликарот — аматер Трајко Матевски доаѓа како посебна ликовна свежина. На оваа изложба тој се претставува со седумнаесет платна во маслена техника и со деветнаесет туш-цртежи.

Ликовните творби на Матевски убедливо говорат дека е надрасната аматерската постапка. Неговата палета успеала да создаде вистински драгоцени ликовни творби.

Бојата, тонот на неговите платна, а посебно небото на разноврсната и богата тематска и мотивска преокупација ѝ дава, значајна содржина. Едноставната, но суптилна линија, безбројните нијанси вткаени во пејсажот овој сликар недвосмислено го издвојуваат како посебна ликовна фигура. Не дозволил на неговите платна да биде присутен кичот како ни другите неотпорности што можат да ѝ одземат на ликовната творба дел од својата стојност.И овој автор не ги губи својствата и настојувањата што ги рековме и за Градишки. Менталитетот на Матевски како да наоѓа задоволство кога ќе се осмели да ги совлада угорнините за кои покрај амбицијата не од помало значење е ликовната култура, ликовното мајсторство и умешноста, преку бојата и мотивот да се изрази својот свет и преокупација.

Несомневаме дека двете самостојни аматерско-ликовни изложби и на двајцата ќе им го донесе заслуженото признание и афирмација и од страна на нашите поеминентни ликовни критичари и уметници. Со ова уште еднаш се потврдува од какво значење е постоењето на ликовен клуб за правилното и системно негување и школување на ликовните аматери. Вака организираните изложби, несомнено, ќе бидат најубав потстрек и охрабрување и за другите сликари-аматери.

**Бл. ПАВЛОВСКИ**



Детал од иконостасот во манастирот „Св. Јован Бигорски“

